| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патен и железнички сообраќај |
| **Содржина на денот** | Патувам со... |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како безбедно да се возиме во автомобил (на свое седиште врзани со појас), во автобус – секогаш да внимаваме, не смееме да стануваме од седиштето додека автобусот се движи и секако како културно да се однесуваме додека патуваме. |
| **Активности** | Запознавање со патен и железнички сообраќај<br>Започнете со разговор по слика и запознајте го детето со патниот и железничкиот сообраќај сл. 1.<br>Прво ќе се запознаете со патниот сообраќај сл.2 (објаснете го на детето поимот зошто се вика патен сообраќај- затоа што возилата се движат по улица, автопат) односно ако сакаме да патуваме подалеку тогаш ни е потребно превозно средство за да стигнеме до саканата дестинација. На пример за викенд сакаме да одиме во Охрид и не може да одиме пеш затоа што е многу далеку. Затоа ни е потребен автомобил или автобус сл.3 и сл.4. (Автобусот го вози шофер, има повеќе седишта, значи повеќе патници се возат во него сл.5). Тука може да го запознаете детето и како треба културно и безбедно да се однесуваме додека патуваме. Не смееме да стануваме од нашето место за седење додека се возиме, не смееме да зборуваме гласно да не ги вознемируваме другите патници и мора трпеливо да чекаме автобусот да застане за да се симнеме од него.<br>Е сега откако ќе се запознаете со патниот сообраќај исто со |

| | |
|---|---|
| | набљудување и разговор по слика може да се запознаете и со железничкиот сообраќај. Набљудувајте го возот и опишувајте ги неговите карактеристики (слика 6 и 7).<br>Возот се движи на железни шини, составен е од вагони, а локомотивата е таа што го влече возот. Возот го вози машиновозач (сл.8). Имаме патни возови, но има и товарни возови, но на децата им се најинтересни оние возови во забавните паркови (сл.9). Тука може да го поттикнувате детето на разговор да ви раскаже некое доживеано искуство. Исто така запознајте го детето со правилата на однесување во воз.<br>Активностите може да ги завршите со цртање на автомобил, автобус или воз, може детето со коцки да конструира воз или да излезете на прошетка и со детето да се возите во автобус (сл. 10, 11, 12). |